ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 4872 655, ☎/FAX +385 1 4872 655
žiro račun 30102 - 678 - 82341, Internet : http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Наш број: ЗМ 84 -6/2000
Загреб, 03.06.2000.г.

УПРАВЕН ОДБОР
ВТОРА СЕДНИЦА

На ден 03.06.2000.г. во просториите на Заедница на Македонците во Република Хрвтаска, Масарикова 16, со почеток во 10.30 часот се одржа редовна седница на Управниот одбор на Заедницата за кој што се предложи и прифати следниов:

# ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од предходната седница,
2. Извештај за остварените активности во Заедницата,
3. Одлука за ангажирање на администратор во Заедницата,
4. Одлуки за приоритетни плаќања,
5. Планирани активности во наредниот период,
6. Разно.

На состанокот присуствуваа претставниците од друштвата од:
Ријека-Илија Христодулов, Осијек – Благоја Јовановски, Пула-Славица Сагадин, Загреб – Никола Илиевски, Сплит- Богоја Ликовски, Задар – Јован Карпузовски, Гости: Драган Китановски, Горан Стојковски, Вуакшин Јовески.

## Р А Б О Т А

Ад.1 Се прифаќа записникот од првата седница на УО со напомена да се наведуваат дискутантите и заклучоците од нивните или заедничките дискусии. Претседателот Илија Христодулов Извести и за извршените активности што произлегуваа од заклучоците на записникот. Воспоставен е контакт со Уредот за малцинства од каде што пристигна решението за суфинансирање на дел од програмите на Заедницата со 400.000,00 куни. С очекува соединување на друштвата во Сплит со што се создаваат услови за праќање на средствата наменети за нивните активности. Варосани се и очистени најголем дел од просториите и предстои опрема со мебел. За новопојавените долгови ќе се терети старото раководство, а сите членови на УО да добиваат извештај за платените работи помеѓу два состанока.

Ад.2 Реализирани се манифестаците Денови на македонската култура во Осијек о Пула, а предстои и реализација во Ријека. Македонските културни достигања прикажани се низ музејската, филмската, ликовната и музичката уметност. Друштвото во Загреб имаше 6 настапи во јавноста и пред стручните тела на Градскиот уред за култура во град Загреб каде се добиени добри оценки. Друштвото е оптеретени со проблеми при располагање со жиро сметката па е замолен УО да дозволи располагање со средствата од друштвото преку сметката од Заедницата за што ќе се води посебна евиденција со што ќе се овозможи несметана работа на друштвото. Заради надостиг на средства во Задар намало активности.

**Сите друштва да достават извештаи за активностите реализирани до 30.06.2000. г. поткрепени со документи од кое е видливо финансирањето со средствата добиени од Уредот за малцинства (копии од сметките) преку Заедницата. Извештаите да се достават до 15.07.2000.г. за да се направи шестомесечен извештај и достави до Уредот за малцинства.**

Сите дописници **за Македонски глас да ги испратат своите прилози** на Благоја Јовановски. ул. К. Звонимира 182, 31431 Чепин (тел 031 380863).

Хитно, писмено, да се побара **решението** за ослободување од даночни обврски на списаниети Македонски глас за да може да се склопи договор за печатење.

Ад.3 Членот на комисијата за избор на администратор на Заедницата Горан Стојковски ги запозна членовите на УО со одлуката на комисијата. После дискусијата и разгледување на предлозите Управниот одбор со 4 гласа за и 2 воздржана гласа донесе одлука за ангажирање на Вукашин Јовески од Загреб за Администратор на Заедницата.
Работата ќе се обавува скојдневно по 4 часа за што ќе се исплатува месечен хонорар од 1500,00 куни нето. Секретарот на Заедницата Никола Илиевски да го оформи пописот на задачи на администраторот и да се одреди работно време со што да бидат запознаени сите друштва. Да се ажурура документацијата од Заедницата во компјуторот.
Да се среди библиотеката што Заедницата му ја предаде на друштвото К.Мисирков бидејќи тие книги трба да и служат на целата Заедница.

Ад.4 Да се побараат одпечатените книги „Прометеи Македонски" од печатницата А.Г.Матош од Самобор и да се изврши плаќање на долгот од околу 35.580,00 куни. Од средствата наменети за изложба да се пратат по 2.500,00 куни на друштвата во Пула, Ријека, Загреб и Осијек.
Во склад со препораката на Собранието на Заедницата за разграничување на трошоците помеѓеу К.Мисирков и Заедницата по дискусијата на членовите на УО, претседателот Илија Христодулов, секретарот Никола Илиевски и подпретседателот
Иван Качуров да извршат распределба на обврските према режиите.
Од срествата што се на жиро сметката да се исплати аконтација од 5.000,00 куни за Деновите на Браќа Миладиновци во Ѓаково, и аконтација 5.000,00 куни во Задар за избегнувае на судска постапка поради долговите. По пристигањето на наменските средства за овие две друштва истите останувааат на сметката на Заедницата.

Ад.5 Одбележување то на Деновите на Браќа Миладиновци во Ѓаково на 24.06.2000.г. ќе се изврши со скромна програма и без поставување на бисти. Заради скромните средства Патувањето на гостите од другите друштва ќе се врши на сопствена сметка. Се очекува по 5 до 8 претставници од секое друштво. Венец во

име на Заедницата и дочек на гостите ирганизира друштвото “Браќа Миладиновци”. Во наредната година оваа манифестација да се планира како главна активност на Заедницата при што ќе се постават и бистите.
МКД “К.Мисирков” планира изложба на 09.06., настап на смотрата “Лидас 2000” во Плетерница, одбележување на националниот празник Илинден на 30.07. во Самобор.
Сите други друштва одбележувањето на националниот празник Илинден ќе го организираат во склад со своите можности.
МКД “Илинден” на 07.06. отпочнува со Деновите на македонската култура во Ријека и на 20.07. се поставува изложбата на Теракоти. Илинден ќе се одбележи на 06.08. и се покануваат сите што се во можност да дојдат во Ријека.

Ад.6 Управниот одбор со 4 гласа за, еден создржан и еден против донесе одлука за избор на секретарот на Заедницата Никола Илиевски за предстввник на Заедницата во Советот на националните малцинства.

Записничар

Вукашин Јовески дипл.инг.

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ